На барање од Народна банка на Република Северна Македонија, Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје изврши промени во Предлог – одлуката за измени и дополнувања на Статутот на ТТК Банка АД Скопје и истата заедно со образложението е во продолжение:

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 1 алинеа 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на ден 6.9.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Статутот на ТТК Банка АД Скопје**

**Член 1**

Во Статутот на ТТК Банка АД Скопје /пречистен текст/ бр. 02-3314/2 од 12.5.2020 година, се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во член 1, став 1 алинеја број 13 се менува и гласи: „постапка за именување и разрешување на членовите на органите на управување и лица со посебни права и одговорности."

2. Во член 4 став 1 се менува и гласи: „Банката во своето работење употребува печат и штембил, коишто ги содржат називот и седиштето на Банката."

3. Во член 6 став 3 се менува и гласи:

„Банката работи во рамките на деловната политика и развојниот план, кој е усвоен од страна на Надзорниот одбор на Банката."

4. Во член 8, по став 1, се додава нов став 2 и истиот гласи: „Активностите за коишто е потребна посебна согласност од Народната банка на Република Северна Македонија или од друг орган, Банката ќе ги врши по претходно добивање согласност."

5. Во член 8 досегашните ставови 2, 3, 4 и 5 стануваат став 3, 4, 5 и 6.

6. Во член 8, во новиот став 5, по бројот „310.000.000", запирката и броевите „00" се бришат.

7. Во член 8, во новиот став 6, по бројот „560.000.000", запирката и броевите „00" се бришат.

8. Во член 9 став 1, по броевите „907.888.000" и „1.000", запирките и броевите „00" се бришат.

9. Во член 25, став 1, алинеја 5 се менува и гласи: „дел кој им припаѓа на членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор, лицата со посебни права и одговорности и останатите вработени;"

10. Во член 30-а став 4 зборот „пропишани" се заменува со зборовите „и прописи".

11. Во член 32, зборовите „е должна да" се бришат.

12. Во член 36, став 2 се менува и гласи: „Како организациони делови се сметаат филијалите, експозитурите, шалтерите, подружниците и претставништвата во странство."

13. Во член 36, став 3 се брише.

14. Во член 36, новиот став 3 се менува и гласи: "Организационите делови на Банката се отвораат и затвораат со одлука на Надзорниот одбор на Банката, по предлог на Управниот одбор."

15. Во член 36-а, став 3 се брише.

16. Во член 36-б во став 2 по зборот „служби" се додава зборот „и", а зборовите „и одделенија" се бришат.

17. Во член 37, по став 1 се додава нов став 2 и истиот гласи: „Суштествени внатрешни организациски промени во Банката коишто се однесуваат на основање/укинување сектори, самостојни дирекции и служби во Банката, претходно ги одобрува Надзорниот одбор."

18. Во член 42 став 4, во точката 3, се додава нова потточка 4 и истата гласи: „(4) постапка за гласање со кореспонденција или електронско гласање;"

19. Во член 43 став 1 по зборот „претставени" се додава зборот „верификувани".

20. Во член 48 став 2 по зборот „претседател" се додаваат зборовите „и заменик-претседател".

21. Во член 48, по став 2, се додава нов став 3 и истиот гласи: „Доколку претседателот на Надзорниот одбор не е независен член, еден од независните членови на Надзорниот одбор се именува за заменик-претседател на Надзорниот одбор."

22. Во член 49 став 4 се менува и гласи: Ограничувањата од член 78-г став 1 точка 6 и став 3 од овој член не се однесуваат на членство во:

1. органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надоместок и
2. во органи на трговски друштва што припаѓаат на иста банкарска група во Република Северна Македонија или во странство.

23. Членот 50 се менува и истиот гласи:
„Членовите на Надзорниот одбор на Банката имаат право на фиксен надоместок како награда за ангажирање и учество во работата на седниците, кој што е утврден со посебна одлука на Собранието на акционери на Банката. Во исклучителни случаи, на членовите на Надзорниот одбор може да им се исплати и варијабилен дел од надоместокот, кој што ќе зависи единствено од остварувањето на нивните надлежности поврзани со надзорот на работењето на Банката.".

24. Во член 51 став 3 се менува и гласи: „На членовите на Надзорниот одбор на Банката, членството во Надзорниот одбор може да им престане и пред истекот на мандатот со разрешување од должноста, заради работење коешто е во спротивност со законот, Статутот на Банката, или врз основа на лично писмено барање - оставка".

25. Во член 51, по став 3, се додава нов став 4 кој гласи: „На членовите на Надзорниот одбор може предвремено да им престане мандатот и ако Собранието на акционери не го усвои Извештајот за работење на Надзорниот одбор”.

26. Во член 51 досегашниот став 4 станува став 5.

27. Во член 53 став 3, по точка 4, се додаваат нови точки 5 и 6 и истите гласат:

5. Именува и разрешува членови на Кредитниот одбор на Банката;
6. Именува и разрешува членови на Одборот за надгледување на информативна технологија;

28. Во член 53, став 3, по новата точка 15 се додава нова точка 16 и истата гласи:

„16. Ја усвојува политиката за системот за заштита на личните податоци на Банката;”

29. Во член 53, став 3, во новата точка 21 по зборот „прописи” се додаваат зборовите „и спречување перење пари и финансирање тероризам.”

30. Во член 53, став 3, во новата точка 23 зборот „на“ се заменува со зборот „и”.

31.Во член 53, став 3, во новата точка 25 по зборовите „издадени од” се додаваат зборовите „Народна банка на Република Северна Македонија и”.

32. Во член 53, став 3, по новата точка 32 се додаваат две нови точки кои гласат:
„33. Ги одобрува суштествените внатрешни организациски промени во Банката коишто се однесуваат на основање / укинување сектори, самостојни дирекции и служби во Банката”;
„34. Врши оцена на работењето на Управниот одбор на Банката и предлага евентуално наградување на Управниот одбор еднаш годишно”;

33. Во член 53, став 3, досегашната точка 30 станува точка 35.

34. Во член 56 точка 1 став 3 се менува и гласи: „Седниците на Надзорниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Надзорниот одбор на Банката, а во негово отсуство заменик-претседателот.”

35. Во членот 56 точка 1 ставот 4 се брише.

36. Во членот 56 точка 1 по став 3 се додаваат ставови 4, 5, 6, 7 и 8 и истите гласат:

„Седница на Надзорниот одбор на Банката задолжително се свикува по барање на една третина од членовите на Надзорниот одбор или на Управниот одбор.

Седниците на Надзорниот одбор се закажуваат по писмен пат со доставување предлог - дневен ред и материјали.

Во поканата се определува денот, времето и местото на одржување на седницата.

Предлог - дневниот ред и материјалите за седница на Надзорниот одбор може да се достават до членовите на Надзорниот одбор и по електронски пат.

Материјалите со дневниот ред се доставуваат 5 (пет) дена пред одржување на седницата, по исклучок истите се доставуваат во пократок рок.”

37. Во член 56 точка 2 став 5 по зборовите „Надзорниот одбор” се додаваат зборовите „а во негово отсуство заменик - претседателот на”.

38 Во член 56 точка 3 став 1 се менува и гласи: „Седницата на Надзорниот одбор ја отвора и со неа раководи претседателот, а во негово отсуство заменик - претседателот на Надзорниот одбор.”

39. Во член 56 точка 3, по став 1, се додава нов став 2 и истиот гласи: „Во случај на отсуство на претседателот и заменик - претседателот на Надзорниот одбор, членовите на Надзорниот одбор избираат еден од присутните членови да ја води седницата.”

40. Во член 56 точка 3 досегашните ставови 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

41. Во член 56 точка 8, во став 3, по зборовите „Надзорниот одбор“ се додаваат зборовите „а во негово отсуство гласот на заменик - претседателот на Надзорниот одбор”.

42. Во член 56 точка 9, став 1 се менува и истиот гласи: „Одлуката, заклучокот, мислењето, ставот и препораката што ги донесува Надзорниот одбор ги потпишува претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик - претседателот на Надзорниот одбор, а ги спроведува Управниот одбор на Банката преку стручните служби на Банката.”

43. Во член 56 точка 10, став 7 се менува и истиот гласи: „Записникот го потпишуваат сите членови на Надзорниот одбор кои биле присутни на седницата. Записникот го потпишува и претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик - претседателот.”

44. Во член 57 став 7 зборовите „може да“ се бришат.

45. Во член 58 точка 1 став 1 се менува и истиот гласи:
„1. Одборот за управување со ризици во Банката се состои од 5 (пет) члена кои ги именува Надзорниот одбор на Банката од редот на лицата со посебни права и одговорности. Членови на Одборот за управување со ризици се: генералниот директор за управување со ризици кој е претседател на Одборот, директорот на Секторот Стратешко банкарство кој е заменик - претседател на Одборот, директорот на Дирекцијата за управување со ризици, директорот на Секторот Комерцијално банкарство и директорот на Дирекцијата за средства и ликвидност.”

46. Во член 58 точка 1, по став 1, се додава нов став 2 и истиот гласи:
„Со одлука за именување членови на Одборот за управување со ризици може да се именуваат и заменици членови на Одборот за управување со ризици од редот на лицата со посебни права и одговорности и тоа директор на Сектор за правни работи и проблематични пласмани, директор на Дирекција за деловна мрежа, директор на Дирекција маркетинг и развој на производи, директор на Дирекција за контролинг и стратешко планирање и раководител на Служба за контрола на усогласеноста на работењето на банката и СППФТ, кои би ги менувале членовите во нивно отсуство.”

47. Во член 58 точка 4 се брише. Точката 5 станува точка 4.

48. Во член 60 точка 4, став 3 се менува и истиот гласи: „Одборот за управување со ризици може да работи и да одлучува ако на седницата се присутни мнозинството од вкупниот број на членови.“

49. Во член 60 точка 5, во став 1, по зборовите „вклучително и“ се додаваат зборовите „свикување и“.

50. Во член 61 точка 7 по зборот „ревизија” се додаваат зборовите „покрај условите утврдени со закон” а по зборот „производи” се додаваат зборовите „и услуги”.

51. Во член 63 точка 3 став 1 се менува и гласи: „Седницата на Одборот за ревизија ја отвора и со неа раководи претседателот на Одборот за ревизија, а ако претседателот од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, членовите на Одборот за ревизија избираат еден од присутните членови да ја води седницата.”

52. Во член 64 став 1 се менува и истиот гласи: „Управниот одбор на Банката се состои од 3 (три) члена кои се подеднакво одговорни за работењето на Банката и за обврските што ги презема Банката.”

53. Во член 64, по став 1, се додава нов став 2 кој гласи: „Со Одлуката за именување на Управниот одбор на Банката, се определува претседател на Управниот одбор на Банката кој носи назив „генерален извршен директор“. Останатите два члена на Управниот одбор носат назив „генерален директор за управување со ризици“ и „генерален директор за комерцијално банкарство“.”

54. Во член 64, во новиот став 6, по бројот „7” се додаваат зборовите „и став 2 од истиот член.”

55. Во член 64, во новиот став 9, зборовите „и став 2 од истиот член” се бришат. Во истиот став бројот 6 се брише и се заменува со бројот 7.

56. Во член 64, во новиот став 13, зборовите „членот на“ се заменуваат со зборовите „другите членови на“.

57. Во член 64, новиот став 14 се менува и гласи: „Претседателот на Управниот одбор ја претставува Банката пред трети лица и јавноста”.

58. Во член 64, новиот став 15 се менува и гласи: „За време на отсутност од каква било причина на генералниот извршен директор/претседателот на Управниот одбор, Банката ја претставува било кој од другите членови на Управниот одбор”.

59. Во член 64, по новиот став 15, се додаваат два нови става и истите гласат:
„Во отсуство на членовите на Управниот одбор, Банката ја претставуваат најмалку две лица со посебни права и одговорности што ќе бидат определени со посебна одлука од Управниот одбор.
Секој од членовите на Управниот одбор е застапник по закон на Банката и Банката во секое време ја застапуваат најмалку двајца членови на Управниот одбор од кои еден задолжително треба да биде генералниот извршен директор / претседателот на Управниот одбор. Во случај на негово отсуство, Банката ја застапуваат другите членови на Управниот одбор.“

60. Во член 65 став 1, по точка 8, се додава нова точка 9 која гласи: „изготвува политика за системот за заштита на личните податоци на Банката;”, а точките од 9 до 18 стануваат од 10 до 19.

61. Во член 65, став 2 се менува и гласи: „Генералниот извршен директор / претседателот на Управниот одбор управува и директно е одговорен за работата на Секторот за правни работи и проблематични пласмани, Секторот за човечки ресурси, организација и поддршка, Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите и спречување перење пари и финансирање тероризам, лицето за обезбедување сигурност на информативниот систем, Служба Секретаријат, офицерот за заштита на лични податоци и Службата за внатрешна ревизија.”

62. Во член 65, по став 2, се додава нов став 3 и истиот гласи: „Генералниот директор за управување со ризици управува и директно е одговорен за работата на Секторот за стратешко банкарство и Секторот за информатичка технологија и позадински обработки.”

63. Во член 65, новиот став 4 се менува и гласи: „Генералниот директор за комерцијално банкарство управува и директно е одговорен за работата на Секторот за комерцијално банкарство.”

64. Во член 65 новите ставови 5 и 6 се бришат.

65. Во член 65, по новиот став 4, се додава нов став 5 кој гласи: „Во однос на надлежностите на Управниот одбор во делот на внатрешна ревизија, генералниот извршен директор обезбедува непречено работење на Службата за внатрешна ревизија односно осигурува дека Службата за внатрешна ревизија има пристап до документацијата и до вработените во Банката, со цел непречено спроведување на нејзините активности.”

66. Во член 67 точка 2, во став 2, зборот „членот” се заменува со зборот „членовите”.

67. Во член 67 точка 3, став 3 се менува и гласи: „Управниот одбор може да работи и полноважно да одлучува ако на состанокот се присутни најмалку двајца членови на Управниот одбор. Управниот одбор одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.“

68. Во член 67 точка 3 ставот 4 се брише.

69. Во член 67 точка 3 став 14 се менува и истиот гласи: „Членовите на Управниот одбор имаат право да бараат нивното мислење или став, во врска со предлогот кој се разгледува или по кој се гласа, да се внесе во записникот.”

70. Во член 67 точка 6 се менува и гласи: „Управниот одбор може да одлучува и без одржување состанок ако мнозинство од членовите на Управниот одбор дадат согласност за одлуката или актот што се донесува без одржување состанок. За донесените одлуки и акти се подготвува записник во којшто истите се евидентираат. Записникот се потпишува најдоцна во рок од 30 дена од денот на давањето согласност за одлуката или актот што ги донеле без одржување состанок. Донесените одлуки и акти влегуваат во сила со денот на давањето на согласност од страна на членовите на Управниот одбор, освен ако во одлуката или актот не е утврден друг момент на влегување во сила. Давањето на согласноста може да биде извршено со своерачен потпис, или со потпис

испратен по факс или по електронски пат на предлогот на одлуката, односно на предлогот на актот."

71. По член 67-а, се додава нова глава и член 67-б и истите гласат:

СИСТЕМ НА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА И ФУНКЦИИ НА КОНТРОЛА

Член 67-б

Надзорниот и Управниот одбор на Банката воспоставуваат систем на внатрешна контрола којшто обезбедува ефикасно и работење на Банката во согласност со прописите, соодветно идентификување, мерење и контрола на ризиците со цел нивно намалување, оцена на ефикасноста и соодветноста на функциите на контрола и на целокупното корпоративно управување, вклучувајќи и оцена на квалитетот на системот на известување на Надзорниот и Управниот одбор, точност и навременост на информациите и податоците коишто се доставуваат до органите на Банката, до заинтересираните лица и до пошироката јавност, како и соодветни оперативни и сметководствени процедури.

Надзорниот и Управниот одбор на Банката обезбедуваат целосна независност на функциите на контрола, преку:

- воспоставување соодветна организациска поставеност на функциите на контрола преку нивно меѓусебно одвојување и одвојување на активностите коишто се предмет на нивната контрола;
- именување лица надлежни за функциите на контрола коишто не се подредени на лицата надлежни за активностите коишто се предмет на нивната контрола;
- обезбедување соодветни човечки и материјални ресурси за независно, објективно и ефикасно извршување на функциите на контрола;
- поставеност на функциите којашто ќе овозможи избегнување судир на интересите;
- обезбедување непречен пристап до сите вработени во Банката и до сите информации коишто се потребни за ефикасно спроведување на соодветната функција на контрола;
- воспоставување начин на наградување на лицата вклучени во извршувањето на одделните функции на контрола којшто не е поврзан со успешноста на активностите коишто се предмет на нивна контрола;
- воспоставување механизам за непречена соработка меѓу лицата вклучени во извршувањето на одделните функции на контрола и останатите вработени во Банката.

Надзорниот одбор ги уредува, со посебен интерен акт, надлежностите и начинот на организацијата и функционирањето на внатрешната контрола во согласност со одредбите од овој Статут.

72. Во член 68, по став 3, се додава нови ставови 4 и 5 и истите гласат:
„Раководителот на Службата за внатрешна ревизија го именува и разрешува Надзорниот одбор на Банката.
Вработените во Банката се должни на лицата, односно вработените во Службата да им овозможат увид во документацијата со која располагаат и да им ги дадат сите потребни информации."

73. Во член 69, по став 1, се додава нов став 2 и истиот гласи: „Покрај активностите наведени во ставот 1 на овој член, Службата за внатрешна ревизија врши постојана и целосна ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на друштвото и преку следење на усогласеноста на организацијата и дејствувањето на Банката во согласност со Кодексот за корпоративно управување.”

74. По член 69 се додава нов член 69-а и истиот гласи: „Службата за внатрешна ревизија ги спроведува нејзините активности во согласност со принципите и стандардите за внатрешна ревизија, етичкиот кодекс на Банката и повелбата и процедурите за работа на Службата.”

75. Во член 73 ставовите 1, 2, 3 и 4 се менуваат и гласат: „Кредитниот одбор го сочинуваат 6 /шест/ членови и 6 /шест/ заменици - членови, кои ги именува Надзорниот одбор на Банката.

Кредитниот одбор го сочинуваат: генералниот извршен директор, генералниот директор за управување со ризици, генералниот директор за комерцијално банкарство, директорот на Секторот за комерцијално банкарство, директорот на Секторот за стратешко банкарство и директорот на Секторот за правни работи и проблематични пласмани.

Со одлука за именување на членови на Кредитниот одбор се именуваат и заменици членови на Кредитниот одбор од редот на лицата со посебни права и одговорности или останати лица од Секторот за комерцијално банкарство и Секторот за правни работи и проблематични пласмани кои ги заменуваат членовите во нивно отсуство.

Мандатот на членовите на Кредитниот одбор трае четири години.”

76. Во член 74 ставовите 2 и 3 се менуваат и гласат: „Одборот за управување и надгледување на информатичката технологија се состои од 8 членови и го сочинуваат: генералниот извршен директор, генералниот директор за управување со ризици, генералниот директор за комерцијално банкарство, како и членови кои со одлука ќе ги назначи Надзорниот одбор на Банката од вработените во Секторот за ИТ и позадински обработки, Секторот Комерцијално банкарство и ОСИС.

Мандатот на членовите на Одборот за управување и надгледување на информативната технологија трае 4 години. Во работата на Одборот учествува и претставник на Службата за внатрешна ревизија, без право на глас при одлучување.”

77. Во член 75, став 1 се менува и гласи: „Управниот одбор, за одделни прашања од делокругот на работење на Банката, може да формира колегиум и постојани и повремени комисии, работни групи и други тела составени од работниците на Банката.”

78. Во член 75, ставот 2 се менува и гласи: „Составот и надлежноста на стручните и советодавните тела ги определува Управниот одбор со посебна одлука.”

79. Во член 76 , став 1 се брише.

80. Во член 76, во новиот став 2 зборот „најде” се заменува со зборот „оцени”.

81. Член 77 се менува и истиот гласи:

„Лица со посебни права и одговорности се членовите на Надзорниот одбор, членовите на Управниот одбор, членовите на Одборот за ревизија, членовите на Одборот за управување со ризици и другите раководни лица во Банката назначени од Управниот одбор и Надзорниот одбор во согласност со овој Статут.

Како лица со посебни права и одговорности се сметаат следните раководни лица во Банката: директор на сектор, заменик-директор на сектор, директор на дирекција, директор на филијала, раководител на служба и ОСИС-лице за безбедност на информативниот систем."

82. Во член 78, став 2 по зборот „години" се додаваат зборовите: „со можност за повторно именување".

83. Член 78-б се менува и истиот гласи:
„Делокругот на работа, правата и обврските, надлежностите и одговорностите на лицата со посебни права и одговорности, освен лицата за кои е посебно уредено со закон и овој статут, подетално се уредуваат со актите за внатрешна организација и систематизација на работните места и договорот за работа.
Лицата со посебни права и одговорности ги извршуваат работите за кои се овластени со општите интерни акти и работите кои Управниот одбор ќе им ги пренесе за извршувањесо посебен акт.
Директорите на сектори и дирекции, раководителите на служби и другите лица со посебни права и одговорности ја организираат, координираат и раководат работата од нивна надлежност.
Лицата со посебни права и одговорности за својата работа одговараат на Управниот на Банката, односно на Надзорниот одбор, согласно закон."

84. Член 78-в се менува и истиот гласи:
„Лицата со посебни права и одговорности задолжително треба да имаат соодветно високо образование и познавање на прописите од областа на банкарството и/или финансиите, да ги познаваат правилата за добро корпоративно управување и да имаат соодветно искуство коешто обезбедува сигурно и стабилно управување со Банката."

85. Член 78-г се менува и истиот гласи:

„Лице со посебни права и одговорности во Банката не може да биде лице:

1. кое е член на Советот на Народната банка на Република Северна Македонија;
2. кое е вработено во Народната банка на Република Северна Македонија;
3. на кое му е изречена прекршочна санкција, или казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
4. кое не поседува репутација со што може да биде загрозено сигурното и стабилното работење на Банката. За лице кое не поседува репутација ќе се смета и лице кое е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата;
5. кое не ги почитува одредбите од Законот за банките и прописите донесени врз основа на истиот и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките изречени од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија, со што биле или се загрозени сигурноста и стабилноста на Банката;

6. кое е член на Надзорен одбор, Одбор за управување со ризици, Одбор за ревизија и Управен одбор на друга банка или вработен во друга банка,  освен кога се работи за членство во органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надоместок и во органи на трговски друштва кои припаѓаат на иста банкарска група во Република Северна Македонија или во странство;

7. кое извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во банка или друго правно лице во кое била воведена администрација или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка, освен доколку недвосмислено, врз основа на расположливите документи и податоци се утврди дека лицето не придонело за настанување на условите за воведување на администрација, стечајна или ликвидациона постапка или функцијата ја вршело непосредно пред или по настанување на причините кои довеле до воведување на администрација, отворање на стечај или спроведување на ликвидациона постапка.”

86. Член 89 се менува и истиот гласи: „Работењето на Банката е јавно. Органите на управување на Банката се должни да обезбедат соодветно информирање за работата на Банката, на акционерите на Банката, на странските банки со кои соработува Банката, на вработените во Банката и на други засегнати субјекти.

Банката мора да ги чува во своето седиште актите и документите кои, во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва, се дефинирани како задолжителни, и тоа:

- Статутот и другите акти како и сите нивни измени дополнувања заедно со пречистените текстови;
- Записниците и сите други документи од сите собранија на Банката;
- Записниците и одлуките од состаноците на органите на управување;
- финансиските извештаи коишто треба да се чуваат според закон;
- прилозите (исправите и доказите) што се поднесени до трговскиот регистар;
- сите јавни повици и проспекти за издавање акции и други хартии од вредност на банката;
- целокупната писмена кореспонденција на Банката со нејзините акционери;
- ажурирана листа со имиња и презимиња и адреси на сите членови на органите на Банката;
- документите за залог и хипотека;
- извештајот на друштвото за ревизија и извештајот на овластениот проценител;
- гласачките ливчиња и полномоштвата за учество на собранието на оригинал или копија, и
- други акти и документи предвидени со закон.

На секој акционер му се обезбедува право на увид во актите и другите документи во согласност со закон.

Акционерот претходно го најавува остварувањето на правото на увид на актите во Банката. Увидот се врши во посебна просторија определена од Банката.

Акционерот не може јавно да ги објавува и претставува информациите добиени преку увид во актите освен во случаите на остварување некое право пред надлежен суд.

Доколку акционерот кој имал пристап до информациите објави или на друг начин злоупотреби информација и со тоа причини штета на Банката, тој е одговорен пред Банката за причинетата штета.

Акционерите на Банката, клиентите и други се известуваат за работењето на Банката преку интернет-страницата на Банката и другите форми на информирање во согласност со закон.

Со акт на Надзорниот одбор се определуваат начинот, формата и содржината на податоците и актите што се објавуваат, а се значајни за акционерите на Банката.

Банката е должна навремено и соодветно да ја известува НБРСМ, како и да доставува извештаи и податоци на утврден начин, форма, содржина и рокови за активности предвидени во законските прописи.

87. По член 89-а, во насловот, зборот „ЧОВЕКОВАТА” се заменува со зборот „ЖИВОТНАТА”.

88. Во член 90, во ставовите 1,2 и 3, зборот „човековата” се заменува со зборот „животната”.

**Член 2**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и/или дополнувања на оваа одлука на барање на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да подготви пречистен текст на Статутот на Банката.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила по усвојувањето од страна на Собранието на Банката и по издавањето согласност од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Собрание на ТТК Банка АД Скопје**
**Претседавач**

________________________

**О б р а з л о ж е н и е**
**кон Предлог – одлуката за измени и дополнувања на Статутот на ТТК БАНКА АД Скопје**

ТТК Банка АД Скопје на ден 03.08.2022 година до Народна банка на РСМ поднесе барање за добивање на претходна согласност на Предлог – одлуката за измени и дополнување на Статутот на ТТК Банка АД Скопје.

Народна банка на РСМ со писмен допис од 22.08.2022 година од ТТК Банка АД Скопје побара да се направат дополнителни измени во доставената Предлог – одлука за измени и дополнување на Статутот на ТТК Банка АД Скопје.

Во согласност со барањето од Народна банка на РСМ, ТТК Банка АД Скопје  изврши измени во доставената Предлог – одлука за измени и дополнување на Стаутот на Банката кои се состојат во следното:

- Се врши конкретизирање на условите за разрешување на членови на Надзорен одбор,

- Се дефинира во кои ситуации и на чие барање и во кој рок претседателот на Надзорниот одбор е должен да свика седница на Надзорниот одбор,

- Дефинирање на надлежностите на претставување на Банката од страна на Управниот одбор на Банката,

- Прецизирање на кворумот за работа на Управниот одбор на Банката,

- Прецизирање во делот на именувањето на заменици членови на Кредитниот одбор и Одборот за управување со ризици според областите на работење/кои работни позиции ги имаат лицата кои ќе ги заменуваат членовите на овие органи,

- Усогласување во делот на Стаутот кој се однесува на наградување на членовите на Надзорниот одбор со Одлуката за добро корпоративно управување во банка

ТТК БАНКА АД Скопје
Надзорен одбор